# З А К О Н
# ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## Редакциски пречистен текст[1]

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се утврдуваат видовите патни исправи и визи и постапката за нивно издавање на државјаните на Република Северна Македонија.

### Член 2

За патување во странство на државјаните на Република Северна Македонија потребна им е патна исправа утврдена со овој закон, ако со меѓународен договор не е поинаку определено.

Владата на Република Северна Македонија може да одреди дека за патување во странство или во одделни странски држави е потребна и виза од причина за меѓународен реципроцитет, заради заштита на безбедноста на Република Северна Македонија или заштита на здравјето на луѓето.

## II. ВИДОВИ ПАТНИ ИСПРАВИ И ВИЗИ И НАДЛЕЖНОСТ ЗА НИВНО ИЗДАВАЊЕ

### Член 3

Патни исправи се: пасош, заеднички пасош, дипломатски пасош, службен пасош и патен лист, како и патни исправи кои се издаваат врз основа на меѓународни договори.

---

* Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ, CELEX бр. 32014R0910

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр.67/92, Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија објавен во "Службен весник на РМ" бр. 20/03, Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија објавен во "Службен весник на РМ" бр. 46/04, Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија објавен во "Службен весник на РМ" бр. 19/07, Законот за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија објавен во "Службен весник на РМ" бр. 84/08, Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија објавен во "Службен весник на РМ" бр. 51/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија објавен во "Службен весник на РМ" бр. 135/11, Одлуката на Уставниот суд, У.бр.189/2012, објавена во "Службен весник на РМ" бр.106/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија објавен во "Службен весник на РМ" бр. 154/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија објавен во "Службен весник на РМ" бр. 55/16, Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија објавен во "Службен весник на РСМ" бр. 302/20, Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија објавен во "Службен весник на РСМ" бр. 122/21, Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија објавен во "Службен весник на РСМ" бр. 67/22 и Законот за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија објавен во "Службен весник на РСМ" бр. 65/23, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

За време на престојот во странство, патната исправа служи за утврдување на идентитетот и како доказ за државјанство на Република Северна Македонија.

Како патна исправа за патување во странство на членовите на екипажот во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба им служи и поморската, односно бродарската книшка, со виза издадена во смисла на овој закон.

**Член 4**

Државјанин на Република Северна Македонија може да има само една патна исправа од ист вид издадена од надлежен орган на Република Северна Македонија.

**Член 5**

Пасошот е електронска исправа за лична идентификација која му се издава на државјанин на Република Северна Македонија заради патување и престој во странство, како и за враќање во земјата.

Забрането е да се даде патна исправа на послуга на друг или лицето да се послужи со туѓа патна исправа како со своја.

Имателот на патната исправа не смее да ја користи патната исправа, доколку се променат податоците од членот 26 став 1 точки 1, 2, 5 и 7 и став 6 на овој закон.

Забрането е да се користи патна исправа која е внесена во евиденцијата за изгубени и исчезнати патни исправи.

Забрането е патната исправа да се дава или зема во залог, поради ненамирени обврски кон државни органи, правни и физички лица.

Имателот на патната исправа е должен грижливо да ја чува патната исправа.

Забрането е менување, бришење или исправање на податоците и на забелешките во патната исправа.

Забрането е менување на фотографијата во заедничкиот пасош, патниот лист и патната исправа што се издава врз основа на меѓународен договор, како и менување на потписот во патниот лист.

**Членот 6 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 46/04).**

**Член 7**

Ако лицето до навршени 14 години живот патува во странство или се враќа од странство без присуство на родител или старател или е во присуство на друго лице, за неговото патување потребна е писмена согласност од родителите или старателот, заверена од Министерството за внатрешни работи или нотар, односно од дипломатско-конзуларното претставништво на Република Северна Македонија во странство.

**Член 8**

Заедничкиот пасош е патна исправа која се издава за група од најмалку пет, а најмногу 50 државјани на Република Северна Македонија, кои заедно патуваат во странство и заедно се враќаат во земјата.

При патување во странство со заеднички пасош, водачот на групата се внесува во заедничкиот пасош под реден број еден, а лицата кои се внесени во заедничкиот пасош се должни да имаат со себе јавна исправа со фотографија од која може да се утврди нивниот идентитет.

Доколку лицето кое се внесува во заедничкиот пасош, поседува и личен пасош, истиот се остава на чување во Министерството за внатрешни работи каде што е издаден заедничкиот пасош -до завршувањето на патувањето.

**Член 9**

Патниот лист е лична исправа која му се издава на државјанин на Република Северна Македонија кој останал во странство без патна исправа, само за враќање во земјата.

**Член 10**

Дипломатскиот и службениот пасош се исправи кои се издаваат на носител на јавна функција, државен службеник и работник во државните органи, заради обезбедување на нивна заштита при патување во странство за извршување на службените задачи, во согласност со меѓународното право.

Дипломатскиот и службениот пасош може да се користи само ако има виза.

Дипломатскиот и службениот пасош се сопственост на Република Северна Македонија.

**Член 11**

Дипломатски пасош се издава на избрани и именувани лица, раководни државни службеници и раководни работници во државни органи; на дипломатско-конзуларни службеници вработени во Министерството за надворешни работи или упатени на работа во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство; на воени претставници и претставници на безбедносните органи на Република Северна Македонија во странство кои имаат дипломатски статус; на лица кои со одлука на Владата на Република Северна Македонија заминуваат на работа во меѓународни организации во својство на функционери со дипломатски ранг во тие организации, како и на дипломатски курири.

По исклучок од ставот 1 на овој член, дипломатски пасош се издава и на брачните другари на претседателот на Република Северна Македонија, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Дипломатски пасош се издава и на лице на кое му престанала функцијата претседател на Република Северна Македонија, претседател на Собранието на Република Северна Македонија и претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и на нивните брачни другари.

Дипломатски пасош се издава и на лице на кое му престанала функцијата министер за надворешни работи, на лица поранешни амбасадори и генерални конзули и на поранешни вработени во Министерството за надворешни работи, со најмалку 20 години дипломатско искуство.

Со одобрение на министерот за надворешни работи може да се издаде дипломатски пасош на лице кое со оглед на карактерот и улогата на неговата дејност е значајно за унапредување на дипломатските, политичките, економските

и културните односи на Република Северна Македонија и за претставувањето на државата во странство, како и на лице ако тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Република Северна Македонија.

Дипломатски пасош може да се издаде и на членовите на потесното семејство или на вонбрачната заедница на лицата кои се упатени на работа во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство, кога истите живеат со нив во заедничко домаќинство во странство во времето на дипломатската мисија.

**Член 12**

Службениот пасош се издава на стручно административни државни службеници вработени во Министерството за надворешни работи или упатени на работа во дипломатско-конзуларните претстаништва на Република Северна Македонија во странство, освен на лицата од членот 11 на овој закон, како и на раководни државни службеници и на раководни работници со посебни овластувања во други државни органи кои патуваат во странство заради службена работа, а за што е потребно поседување на службен пасош.

Службен пасош може да се издаде и на членовите на потесното семејство или на вонбрачната заедница на лицата од ставот 1 на овој член, кога истите живеат со нив во заедничко домаќинство во странство.

**Член 13**

Визата е одобрение за патување во странство која се внесува во патната исправа и со која се констатира дека на имателот на патната исправа му е одобрено преминување на државната граница, поради заминување во земјата која е НАЗНАЧЕНА со визата и во рокот предвиден во истата.

Визата се издава за едно или повеќе патувања во странство.

**Член 14**

Пасош, заеднички пасош, патна исправа издадена врз основа на меѓународен договор и виза, издава Министерството за внатрешни работи.

Во итни случаи (лекување, болест, смрт на член на потесното семејство, неодложен службен пат и слично) виза на пасош и виза на заеднички пасош може да се издаде и при контрола на преминувањето на државната граница.

**Член 15**

Дипломатскиот и службениот пасош, како и визите на тие пасоши ги издава Министерството за надворешни работи.

**Член 16**

Државјанин на Република Северна Македонија, кој во странство престојува непрекинато повеќе од шест месеца, може да поднесе барање за издавање на пасош во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Северна Македонија во странство. Барањето може да се поднесе и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи електронската идентификација и доверливите услуги.

**Член 17**

Патниот лист го издава дипломатско-конзуларното претставништво на Република Северна Македонија во странство на државјанин на Република Северна Македонија, кој во странство останал без патна исправа.

## Ш. ВАЖЕЊЕ НА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ И ВИЗИ

**Член 18**

За лица постари од 27 години пасошот се издава со рок на важење од десет години.

За лица на возраст од 4 до 27 години пасошот се издава со рок на важење од пет години.

За лица до навршени 4 години живот пасошот се издава со рок на важење од две години.

**Член 19**

Заедничкиот пасош се издава со рок на важење кој е потребен за извршување на заедничкото патување во странство, но не подолго од една година.

**Член 20**

Патниот лист се издава со рок на важење до 30 дена или за времето кое е потребно за враќање во Република Северна Македонија.

**Член 21**

Дипломатскиот и службениот пасош се издаваат со рок на важење до пет години.

Виза на дипломатски и службен пасош се издава со рок на важење од 30 дена до четири години.

**Член 22**

Виза на пасош и заеднички пасош се издава со рок на важење кој не може да биде подолг од рокот на важењето на пасошот.

Виза на поморска и бродарска книшка се издава со рок на важење од пет години.

За патна исправа издадена врз основа на меѓународен договор, виза се издава со рок на важењето на таквата патна исправа, но не подолго од пет години.

**Член 23**

Пасошот, дипломатскиот пасош и службениот пасош важат за неограничен број патувања во странство.

Заеднички пасош се издава со важност за едно патување во одредена држава, односно држави.

**Член 24**

Виза се издава со важење за патување во одредена држава, повеќе држави или за сите држави.

## IV. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПАТНИ ИСПРАВИ, ВИЗИ И ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА

### 1. Обрасци на патни исправи и визи и водење на евиденција.

**Член 25**

Патната исправа и визата се издава на пропишан образец кој го содржи грбот и името на Република Северна Македонија.

**Член 26**

Во пасошот и патниот лист се внесуваат следниве податоци за имателот на патна исправа:

1) презиме и име,
2) ден, месец и година на раѓање,
3) место на раѓање,
4) живеалиште,
5) пол;
6) државјанство
7) единствен матичен број на граѓанинот и
8) своерачен потпис;

Пасошот содржи и податоци за биометриски карактеристики на имателот на пасошот, кои задолжително се земаат лично од подносителот на барањето во постапката за издавање на пасош, заради утврдување на неговиот идентитет.

Податоци за биометриски карактеристики, од ставот 2 на овој член се фотографија и отпечатоци од два прста.

Пасошот од ставот 2 на овој член има и бесконтактен чип и машински читлив дел.

Во заедничкиот пасош се запишува државата, односно државите во кои групата патува, важноста на заедничкиот пасош, името и презимето, датумот на раѓање, местото на раѓање, живеалиштето и адресата на станот на водачот и на членовите на групата.

Во дипломатскиот и службениот пасош се внесуваат податоците од став 1 точки 1, 2, 3, 5, 6, 7 и 8 на овој член, како и податокот за функцијата на носителот на тој пасош.

**Член 26-а**

При промена на податоците од членот 26 став 1 точки 1, 2, 5 и 7 на овој закон, имателот на пасошот е должен во рок од 30 дена од денот на промена на податоците, пасошот да го предаде во Министерството за внатрешни работи, заради негово поништување.

При промена на податоците од членот 26 став 6 на овој закон, имателот на дипломатскиот или службениот пасош е должен во рок од 30 дена од денот на промена на податоците, дипломатскиот или службениот пасош да го предаде во Министерството за надворешни работи, заради негово поништување.

### Член 27

За издадените патни исправи и визи, како и за изгубените и исчезнатите патни исправи, Министерството за внатрешни работи и дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство, водат пропишана евиденција согласно со утврдените стандарди и законски прописи.

### Член 28

Обрасците на патните исправи и на визите се печатат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, со превод на англиски и француски јазик и нивното писмо.

Податоците кои се внесуваат во патната исправа се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на основно латинично писмо (I CAO DOC 9303), освен интернационалните ознаки (кодови), што се запишуваат согласно со меѓународните стандарди утврдени во I CAO DOC 9303.

Обрасците на патните исправи на граѓаните кои зборуваат на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, по службена должност се печатат и податоците во нив се запишуваат на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Обрасците на патните исправи на граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот што го зборуваат помалку од 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, на нивно барање, се печатат и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.

На граѓаните од ставот 4 на овој член, на нивно лично барање, податоците кои се внесуваат во патната исправа се запишуваат и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.

На граѓаните од ставот 4 на овој член, на нивно лично барање податоците за личното име што се внесуваат во патната исправа се запишуваат и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.

## 2. Барање за издавање на патни исправи и визи

### Член 29

Пасош, заеднички пасош и патен лист за враќање во земјата, се издава на барање на граѓанинот, што може да се поднесе и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

Дипломатски и службен пасош се издава на барање на надлежен државен орган, што може да се поднесе и преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

### Член 30

Барањето за издавање на патна исправа или виза се поднесува лично на пропишан образец, што може да се поднесе и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

За малолетно лице, односно лице кое е лишено од деловна способност, барањето за издавање на патна исправа или виза го поднесува еден од родителите, односно старателот.

**Член 30-а**

Кога родителското право го врши еден од родителите, барањето за издавање на патна исправа или виза за лице помладо од 18 години го поднесува родителот на кого лицето му е доверено на чување и воспитување, со согласност и од другиот родител.

Ако другиот родител на лицето од ставот 1 на овој член се противи на издавањето на патната исправа или виза, органот надлежен за издавање на патни исправи и визи постапува во согласност со Законот за семејството.

**Член 31**

Барањето за издавање на патна исправа или виза ги содржи податоците кои се внесуваат во пасошот.

При земањето на биометриските карактеристики на имателот на патната исправа од членот 26 став 2 од овој закон, се приложува на увид лична карта или друга јавна исправа со фотографија издадена од недлежен орган во Република Северна Македонија, од дипломатско-конзуларно претставништво на Република Северна Македонија во странство, како и од надлежен орган на странска држава од која може да се утврди идентитетот на подносителот на барањето.

**Член 31-а**

При поднесување на барањето за издавање пасош се врши наплата на средства за цената на образецот за пасош во износ утврден со посебен пропис, донесен согласно со закон и наплатените средства по оваа основа се уплатуваат на буџетската сметка на Министерството за внатрешни работи.

**Член 32**

Заедно со барањето за издавање на заеднички пасош, или патен лист се приложуваат и две фотографии со пропишана големина, од кои може да се утврди идентитетот на лицето на кое му се издава заедничкиот пасош, односно патниот лист.

Ако лице кое бара издавање на пасош, поседува важечки пасош, кој поради пополнетост или оштетување е во таква состојба што не може да служи за својата намена, заедно со барањето за издавање на пасош се приложува и важечкиот пасош, заради поништување.

Државјанин на Република Северна Македонија, кој постојано престојува во странство, во барањето за издавање на пасош ги наведува местото и државата во која престојува.

**Член 33**

Во барањето за издавање на заеднички пасош се наведуваат податоци за водачот и за членовите на групата, странската држава, односно држави во кои групата има намера да патува, предвиденото време на престој во странство, како и името и презимето и бројот на патната исправа на водачот и на членовите на групата.

**Член 34**

Виза за пасош, заеднички пасош, како и за поморска и бродарска книшка, се издава на барање на лицето, а виза на дипломатски и службен пасош се издава на барање на надлежен државен орган.

**Член 35**

Во барањето за издавање на виза се означува и државата во која лицето има намера да патува, како и времето предвидено за престој во странство.

Заедно со барањето за издавање на виза се приложува и патната исправа, односно поморска или бродарска книшка.

**Член 36**

Патната исправа или виза, се издава во рок од 15 дена од денот на земањето на податоци за биометриските карактеристики на имателот на патната исправа од членот 26 став 2 од овој закон со доставена потребна документација. Документацијата која Министерството за внатрешни работи може да ја прибави по службена должност ја прибавува преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

По исклучок од ставот 1 на овој член, на писмено барање на лицето кое бара издавање на пасош, патната исправа му се издава најдоцна во рок од 48 часа од часот на земањето на податоци за биометриските карактеристики на имателот на патната исправа од членот 26 став 2 од овој закон за издавање на пасош.

По исклучок од ставот 1 на овој член, пасошите за кои барањата за издавање се поднесени преку дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија, се издаваат најдоцна во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на барањето со доставена потребна документација.

**Членот 36-а е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 55/16).**

## 3. Одбивање на барањето за издавање на пасош или виза, односно одземање на пасош и поништување на виза

**Член 37**

Поднесеното барање за издавање на пасош или виза, ќе се одбие и нема да се издаде пасош или виза ако:

1) против лицето кое бара издавање на пасош или виза е поведена кривична постапка на барање од надлежниот суд;

2) лицето кое бара издавање на пасош или виза е осудено на безусловна казна затвор додека не ја издржи казната,

3) тоа го побара центарот за социјална работа во врска со вршењето надзор над родителското право и работите со старателството, согласно со Законот за семејството;

4) е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка согласно со членовите 44 и 45 од овој закон

5) на лицето му престанало државјанството на Република Северна Македонија или лицето не е државјанин на Република Северна Македонија.

**Ставот 4 е укинат,** види: Одлука на Уставниот суд У.бр.189/2012 ("Службен весник на РМ" бр.106/14).

7) ако не се исполнети условите предвидени во членовите 11 и 12 на овој закон.

Ако некоја од причините од став 1 на овој член настапила по издавањето на пасошот или визата, пасошот ќе се одземе, а визата ќе се поништи.

**Член 38**

За сите факти кои за последица имаат престанување на причините за одбивање на барањето за издавање на пасош или виза, надлежниот суд или орган по службена должност го известува Министерството за внатрешни работи преку Националната платформа за интероперабилност во реално време, а најдоцна во рок од три дена од денот на престанување на причините за одбивање на барањето за издавање на пасош или виза. Во случај на технички прекин на функционалноста на Националната платформа за интероперабилност, известувањето се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава до електронската адреса на Министерството за внатрешни работи во реално време, а најдоцна во рок од три дена од денот на престанување на причините за одбивање на барањето за издавање на пасош или виза, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Ќе се смета дека се престанати причините за одбивање на барањето за издавање на пасош или виза од член 37 став 1 точка 1 на овој закон, ако надлежниот суд или орган не го обнови барањето по истекот на една година од денот на поднесувањето на барањето за одбивање на барањето за издавање на пасош или виза.

Ќе се смета дека се престанати причините за одбивање на барањето за издавање на пасош или виза од членот 37 став 1 точка 4 на овој закон по истекот на рокот од шест месеци од денот на поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка.

**Ставот 4 е укинат,** види: Одлука на Уставниот суд У.бр.189/2012 ("Службен весник на РМ" бр.106/14).

**Член 39**

Во решението со кое се одбива барањето за издавање на пасош или виза, односно со кое се одзема пасошот или се поништува визата, се наведуваат причините од кои органот се раководел при донесувањето на таквото решение.

**Член 40**

Против решението со кое е одбиено барањето за издавање на пасош или виза, односно е одземен пасошот или е поништена визата, жалба може да се поднесе и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Член 41**

На барање на лицето на кое му е одбиено барањето за издавање на патна исправа или виза, односно на кое му е одземена патната исправа или му е поништена визата, Министерството за внатрешни работи може во оправдани случаи (смрт на член на семејството, лечење во странство, неодложни службени работи и друго) да издаде пасош или виза со ограничен рок на важење, но најмногу до една година, ако за тоа добие согласност од надлежниот суд или орган кој барал става-

ње на забраната за издавање на патна исправа или виза. Согласноста од надлежниот суд или орган се доставува преку Националната платформа за интероперабилност. Во случај на технички прекин на функционалноста на Националната платформа за интероперабилност, согласноста од надлежниот суд или орган во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава до електронската адреса на Министерството за внатрешни работи, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Барањето од надлежниот суд или орган од ставот 1 на овој член, може да се поднесе и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

## 4. Исчезнување или губење на пасош

### Член 42

Исчезнувањето или губењето на пасошот имателот е должен да го пријави веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на дознавањето, до Министерството за внатрешни работи, односно до Министерството за надворешни работи, за дипломатските и службените пасоши.

Исчезнувањето или губењето на пасошот во странство нејзиниот имател е должен, веднаш да го пријави во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Северна Македонија во странство.

### Член 43

Исчезнувањето или губењето на пасошот имателот е должен во Република Северна Македонија, да го огласи во "Службен весник на Република Северна Македонија ",пред поднесување на барањето за издавање нов пасош.

## V. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

### Член 43-а

Глоба во износ од 15 до 350 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на службено лице и на воено лице кое користи патна исправа, доколку се променети податоците од членот 26 став 6 на овој закон (член 5 став 3).

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на службено лице во државен орган кое патната исправа ја зема во залог поради ненамирени обврски (член 5 став 5).

Глоба во износ од 15 до 350 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на службено лице кое при промена на податоците од членот 26 став 6 на овој закон во рок од 30 дена од денот на промената на податоците не го предаде дипломатскиот или службениот пасош во Министерството за надворешни работи, заради негово поништување (член 26-а став 2).

Глоба во износ од 15 до 350 евра во денарска противвредност ќе се изрече за

прекршок на воено лице кое при промена на податоците од членот 26 став 6 на овој закон, во рок од 30 дена од денот на промената на податоците, не го предаде дипломатскиот пасош во Министерството за надворешни работи заради негово поништување (член 26-а став 2).

**Член 43-б**

Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микро трговци; 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правно лице, кое патната исправа ја зема во залог поради ненамирени обврски (член 5 став 5).

Глоба во износ од 50 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

**Член 44**

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице:

1) кое својата патна исправа ќе ја даде на послуга на друго лице или ќе се послужи со туѓа патна исправа како со своја (член 5 став 2);

2) кое патната исправа ќе ја даде или земе во залог поради ненамирени обврски (член 5 став 5);

3) кое грижливо не ја чувало патната исправа (член 5 став 6);

4) кое ќе измени, избрише или исправи податоци и забелешки во патната исправа, (член 5 став 7);

5) кое ќе ја замени фотографијата во заедничкиот пасош, патниот лист и патната исправа што се издава врз основа на меѓународен договор или ќе го замени потписот во патниот лист (член 5 став 8) и

6) кое при промена на податоците од членот 26 став 1 точки 1, 2, 5 и 7 на овој закон, во рок од 30 дена од денот на промената на податоците, не го предаде пасошот во Министерството за внатрешни работи заради негово поништување (член 26-а став 1).

**Член 44-а**

Глоба во износ од 15 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичкото лице кое користи патна исправа, доколку се променети податоците од член 26 став 1 точките 1), 2), 5) и 7) од овој закон.

**Член 45**

Глоба во износ од 25 до 100 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице:

1) кое користи патна исправа што е внесена во евиденцијата за изгубени или исчезнати патни исправи (член 5 став 4) и

2) кое веднаш, а најдоцна во рок од три дена не го пријави исчезнувањето или губењето на патната исправа (член 42).

**Член 45-а**

За прекршоците предвидени со одредбите од членовите 43-а, 44 и 45 на овој закон, прекршочната постапка ја води комисија на Министерството за внатрешни работи односно Министерството за надворешни работи, за дипломатските и службените пасоши.

По исклучок од ставот 1 на овој член, кога сторителот на прекршокот е странец, прекршочната постапка ја води надлежниот суд.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од два члена и претседател на комисијата.

Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку седум години на предметната материја, а претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку десет години на предметната материја.

Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на комисијата од ставот 1 на овој член, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно со Законот за прекршоците.

**Член 45-б**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

**Член 45-в**

За прекршоците предвидени со одредбата од членот 43-б од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

**Член 45-г**

За прекршоците утврдени во членовите 43-а, 43-б, 44, 44-а и 45 од овој закон се издава прекршочен платен налог, согласно со закон, од страна на овластеното службено лице од Министерството за внатрешни работи, односно надлежниот службеник од Министерството за надворешни работи.

Прекршочниот платен налог содржи: лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, а за правно лице: назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање, број и датум на лична карта, односно патна исправа, државјанство, опис на прекршокот, записник за сторен прекршок и правна поука.

Во прекршочниот платен налог се изрекува глоба во износ пропишан за прекршокот со овој закон.

Ако глобата за прекршокот предвиден со овој закон е пропишана во распон, се изрекува глоба во минималниот износ пропишан за прекршокот со овој закон.

По приемот на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата изречена согласно со ставот 1 на овој член, во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 5 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба и веднаш е должен со налогот да приложи банкарска или поштенска уплатница за извршената уплата на уплатна сметка до овластеното службено лице, односно надлежниот службеник кој го издал прекршочниот платен налог, за кое право се поучува во правната поука.

Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

Сторителот којшто со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата е должен веднаш да ја плати глобата изречена со прекршочниот платен налог.

Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот 5 на овој член, овластеното службено лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, односно прекршочен орган.

Овластените службени лица, односно надлежните службеници се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози од ставот 1 на овој член и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 10 на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат податоци утврдени согласно со прописите од областа на прекршоците.

Личните податоци од ставот 11 на овој член, се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Министерот за внатрешни работи ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 46

Пасошите и визите издадени пред денот на влегување во сила на овој закон, ќе важат до рокот на важење кој е наведен во патната исправа, односно визата, а најдолго во рок од две години од денот на влегување во сила на овој закон.

По истекот на рокот на важење на патната исправа и визата од став 1 на овој член, истите не можат да се продолжуваат.

За државјаните на другите републики кои во рок од една година согласно со Законот за државјанството на Република Северна Македонија поднесле барање за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија, нивните пасоши и визи издадени пред денот на влегување во сила на овој закон ќе важат до истекот на рокот за кој се издадени, а најдолго во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со патните исправи издадени до денот на влегувањето во сила на овој закон не се докажува државјанството на Република Македонија.

### Член 47

Постапките по барањето за издавање на патни исправи и визи започнати пред денот на влегување во сила на овој закон ќе се завршат според одредбите на овој закон.

### Член 48

Се овластува министерот за внатрешни работи да донесе подзаконски прописи за:

1) образецот за пасош, заеднички пасош, патен лист и образецот за виза, како и податоците кои се запишуваат во нив,

2) образецот за барање за издавање на пасош и заеднички пасош, како и образецот за барање за издавање на виза на тие пасоши;

3) начинот на издавање на пасош и заеднички пасош, како и постапката за издавање на визи на тие пасоши;

4) начинот на фотографирањето и земањето на потписот за патна исправа и

5) начинот на водење на евиденцијата за издадените и одземените пасоши, за-

едничките пасоши издадени, односно поништени визи на тие пасоши, како и за водење на регистарот за изгубени и исчезнати патни исправи.

**Член 49**

Се овластува министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за надворешни работи да донесе подзаконски пропис за начинот и постапката за поднесување на барање за издавање на пасош во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Северна Македонија во странство, како и за начинот на водење на евиденција за поднесените барања.

**Член 50**

Се овластува министерот за надворешни работи во согласност со министерот за внатрешни работи, да донесе подзаконски прописи за:

1) постапката за издавање на дипломатски и службени пасоши, како и на визи кои ќе се издаваат на тие пасоши;

2) обрасците за дипломатски и службени пасоши, како и обрасците на визи кои ќе се издаваат на тие пасоши;

3) начинот на водење на евиденцијата за издадените дипломатски службени пасоши, како и за издадени визи на тие пасоши;

4) листа на носители на дипломатски и службени пасоши.

**Член 51**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за патните исправи на државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ" број 30/79 и 53/85).

**Член 52**

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на законот.

До донесувањето на прописите од став 1 на овој член, ќе се применуваат досегашните прописи.

**Член 53**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија ("Службен весник на РМ"бр.20/03)***

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните***

***на Република Македонија ("Службен весник на РМ"бр.46/04)***

**Член 28**

Запишувањето на лицето до навршени 14 години живот во пасошот на родителот, односно старателот издаден пред денот на влегување во сила на овој закон, ќе се поништи по службена должност кога на лицето ќе му биде издаден сопствен пасош, а најдолго во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 29**

Постојните подзаконски прописи влезени во сила пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

**Член 30**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија.

**Член 31**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за патните исправи на државјаните***
***на Република Македонија ("Службен весник на РМ"бр.19/07)***

**Член 20**

Пасошите издадени пред денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да важат до истекот на рокот на важење кој е наведен во пасошот, но најдолго пет години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 21**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а одредбите од членот 1 кои се однесуваат на членот 5 став 1, членот 7 кои се однесуваат на членот 26 ставови 2, 3 и 4 и членот 9 на овој закон ќе се применуваат од 1 април 2007 година.

***ОДРЕДБА***
***од Законот за дополнување***
***на Законот за патните исправи на државјаните***
***на Република Македонија ("Службен весник на РМ"бр.84/08)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за патните исправи на државјаните***

***на Република Македонија ("Службен весник на РМ"бр.51/11)***

**Член 8**

Подзаконскиот акт од членот 36-а став 2 на овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на донесувањето на овој закон.

**Член 9**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбата од членот 2 на овој закон која ќе започне да се применува од 1 април 2012 година и одредбата од членот 5 на овој закон која ќе започне да се применува со започнување на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за патните исправи на државјаните***
***на Република Македонија ("Службен весник на РМ"бр.135/11)***

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 189/2012 ("Службен весник на РМ" бр.106/14)***

1. СЕ УКИНУВААТ член 37 став 1 точка 6 и член 38 став 4 од Законот за патни исправи на граѓаните на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/1992, 20/2003, 46/2004, 19/2007, 84/2008, 51/2011 и 135/2011).
2. Оваа Одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за патните исправи на државјаните***
***на Република Македонија ("Службен весник на РМ"бр.154/15)***

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за патните исправи на државјаните***
***на Република Македонија ("Службен весник на РМ"бр.55/16)***

**Член 3**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

### ***ОДРЕДБА од Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија ("Службен весник на РСМ"бр.302/20)***

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

### ***ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија ("Службен весник на РСМ"бр.122/21)***

**Член 3**

Патните исправи кои го содржат натписот „Република Македонија" издадени до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе важат до истекот на рокот на важење кој е наведен во патната исправа, најдоцна до 12 февруари 2024 година.

**Член 4**

Важноста на пасошот, дипломатскиот пасош и службениот пасош чиј рок на важење е истечен, односно истекува по 31 јули 2020 година, се продолжува до 31 декември 2021 година.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јули 2021 година.

### ***ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија ("Службен весник на РСМ"бр.67/22)***

**Член 10**

Подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 67/1992, 20/2003, 46/2004, 19/2007, 84/2008, 51/11, 135/11, 154/15 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 302/20

и 122/21), ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 11**

Овој закон престанува да важи со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2023 година.

***ОДРЕДБА***
***од Законот за дополнување***
***на Законот за патните исправи на државјаните***
***на Република Северна Македонија***
***("Службен весник на РСМ"бр.65/23)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".